# РАФОМЕТРИКС

Година 3, Број 1

ГРАФОМЕТРИКС е редовна публикација на Finance Think што содржи важни тековни информации за домашната, регионалната и светската економија претставени низ графички прикази.

## ФОКУС

- Според податоците на Државниот завод за статистика:
  - Трошоците на живот во јануари оваа година се намалија за 1.5% во споредба со истиот месец лани.
  - Индустриското производство во декември 2014 година порасна за 0.7% во однос на истиот месец лани.
- Според Лаекен индикаторите за сиромаштија, во 2012 година:
  - Стапката на сиромаштија изнесува 26.2% и забележа благ пад од 0.6 процентни поени во однос на 2011 година.
  - Нееднаквоста помеѓу најбогатите и најсиромаштите се зголеми на 38.8%.
  - Сиромаштијата кај најранливите домаќинства: многудетни семејства и самохрани родители се зголеми. Сиромаштијата на домаќинствата со три и повеќе издржувани деца порасна од 44% во 2010 година на 53.9% во 2012 година.

THINK TANK FUND
SUPPORTING POLICY RESEARCH
Оваа публикација е произведена со поддршка од Open Society Think Tank Fund (TTF). TTF може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.

Finance Think е непрофитна асоцијација за економско истражување, застапување и донесување економски политики.

**Нашата Визија**

Да поттикнеме економско размислување за подобра благосостојба утре.

**Нашата Мисија**

Да ја намалиме сиромаштијата, да ги зајакнеме макро-финансиските политики и да ја унапредиме финансиската стабилност преку економски истражувања, советување и препораки за економските политики и поттикнување критичка дебата за економските процеси

Ул. Јордан Мијалков 50/3, 1000 Скопје

+389 2 6147 630
www.financethink.mk
info@financethink.mk

# Графикони на месецот за Македонија

**Индекс за финансиска стабилност на банкарскиот систем во Македонија**




*Извор: Индикатори за финансиска стабилност: НБРМ, пресметка на Finance Think*

Во 2014 година, стабилноста на банкарскиот систем бележи намалување во вториот и третиот квартал од годината во однос на првиот квартал. Намалувањето е главно поради зголемувањето на нефункционалните кредити и влошувањето на квалитетот на активата, и благо намалување на адекватноста на капиталот. Повеќе детали за индексот видете на http://www.financethink.mk/mk/indeksi-podatoci/indeks-za-finansiskata-stabilnost/




*Извор: Државен завод за статистика на РМ, пресметка на Finance Think*

Просечните бруто плати растеа, во просек, по 4.4% годишно од 2006 до 2014 година. Но, нагорниот тренд на сликата покажува дека растот е поголем кај секторите со повисоки просечни плати. Секторите со просечни бруто плати до 20,000 денари имаат просечен раст од 3.1%, додека секторите со просечни бруто плати над 30,000 денари имаат скоро двојно поголем раст од 5.6%.

# Графикони на месецот за регионот и Европа

**Долгорочни каматни стапки (%)**




Од 2010 година наваму, долгорочните каматни стапки бележат пад во сите европски земји. Највисоки долгорочни каматни стапки се евидентирани во Италија, Полска и Шпанија, а Швајцарија има убедливо најниски долгорочни каматни стапки кои во 2011 и 2012 година се движеа под 1%, и тоа 0.74% и 0.56%, соодветно.

**Годишни стапки на раст на просечни плати во светот, Источна Европа и Македонија**







*Извор: Global Wage Report 2014/2015-ILO, Завод за Статистика на РМ, Пресметка на Finance Think*

Во голем број земји платите останаа под нивото од 2007 година. Светскиот пораст на платите во последниве години е главно движен од брзорастечките економии, каде реалните плати се зголемуваат од 2007 година, иако растот забави во 2013 година во споредба со 2012 година.
Македонија го следи трендот на земјите од Источна Европа (ИЕ) , иако по 2009 година, годишниот раст на платите значително заостанува во споредба со растот во ИЕ.

# Графикони на месецот за светот




Централната банка на Швајцарија на 14 јануари неочекувано го прекина ограничувањето од 1.20 швајцарски франци за едно евро и ја намали каматната стапка на депозитите по видување, по што франкот апрецираше.




Речиси 70% од населението во светот се лица со лично богатство помало од 10.000 американски долари. Тие се сместени во најдолниот слој од пирамидата на светското богатство и располагаат само со 2.9% од вкупното богатсво во светот. Во исто време, 8% од населението има лично богатсво над 100.000 долари. Тука се вклучени 35 милиони милионери, кои „држат“ 44% од вкупното богатсво во светот. Во оваа група, 128.200 лица имаат лично богатство поголемо од 50 милиони долари, а 45.200 лица располагаат со над 100 милиони долари.

# Инфографикон на месецот




Европската Централна Банка изврши понатамошно релаксирање на монетарната политика во еврозоната.

Соочена со нултата граница на каматната стапка на главните операции за рефинансирање, ЕЦБ прибегна кон користење неконвенционални мерки - квантитативно олеснување, што подразбира откуп на државни обврзници од земјите членки на еврозоната во износ од 60 милијарди евра месечно најмалку до септември 2016.

По оваа одлука, надолните ризици врз цените треба да омекнат, а своја рефлексија таа треба да има и врз еврото, извлекувајќи го од историскиот минимум на среден рок. Сепак, еврото ослабна по објавата на програмата за квантитативно олеснување.